Врз основа на член 7,10,13,14,15,16 и 17 од Правилникот за критериумите за определување на надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2021 година за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје број 08-3173/1 од 26.10.2021 година, донесен од Државната изборна комисија, Општинската изборна комисија-Карпош на седница, одржана на 21.11.2017 година, донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2021 година

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува висината на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на Локалните избори 2021 година на членовите на Општинската изборна комисија - Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош, согласно Правилникот за критериумите за определување на надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2021 година за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје донесен од страна на Државната изборна комисија на (бр. 08-3173/1 од 26.10.2021 година) (во натамошниот текст: Правилникот).

### Член 2

**На членовите на Општинската изборна комисија - Карпош**, која во своја надлежност има 74 избирачки одбори, а врз основа на член 7 и член 10 од Правилникот им се определува надоместок, и тоа:

– На претседателот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 56.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На заменикот претседател на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 51.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На секретарот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 51.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На членот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 46.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На заменик членот  на Општинската изборна комисија -Карпош му се определува надоместок од 36.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На заменик секретарот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок од 26.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

**Член 3**

**На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори, согласно член 13,14,15,16 и член 17 од Правилникот се определува следниот надоместок:**

– На претседателот на избирачкиот одбор зависно од бројот на гласачи му се определува надоместок во висина 4000,00 до 6000,00 кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На заменикот претседател на избирачкиот одбор зависно од бројот на гласачи му се определува надоместок во висина од 3.500,00 до 5.500,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

– На членот и на заменик членот на избирачкиот одбор зависно од бројот на гласачи им се определува надоместок во висина од 3.000,00 до 5.000,00 денари кои треба да бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош;

**Член 4**

Надоместокот за членовите на Општинската изборна комисија - Карпош за целиот изборенпроцес изнесува **640.000,00 денари.**

Надоместокот за членовите на избирачките одбори за целиот изборен процес на гласање изнесува **7.596.300,00 денари.**

**Вкупниот надоместок за целиот изборен процес изнесува 8.236.300,00 денари.**

**Член 5**

Надоместокот од членот 4 од оваа Одлука, ќе биде обезбеден од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

Според Упатството за реализација на надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на локалните избори 2021 година за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје (број. 08-3173/1 од 26.10.2021 година) средствата за исплата на надоместокот на членовите Општинската изборна комисија -Карпош и членовите на избирачките одбори, се трансферираат на посебна наменска сметка бр. **779014115778959** отворена во рамките на трезорската сметка за спроведување на Локалните избори 2021 на Општинската изборна комисија – Карпош, која располага и врши исплата на надоместокот. Исплатата се врши на начин пропишан за трезорско работење согласно Законот за извршување на буџетот за тековната година.

**Член 6**

Општинската изборна комисија - Карпош за спроведениот изборен процес до Општина Карпош доставува Извештај за работа и Финансиски извештај.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

| | | |
|---|---|---|
| **Број 05-______** | | **ОИК КАРПОШ** |
| **21.11.2017** | **М.П.** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| **Скопје** | | **Стефанија Беламариќ** |

**ЧЛЕНОВИ:**

**Достанка Стојанова** ____________________

**Весна Гоцева** ____________________

**Розе Димовска** ____________________

**Наташа Ракиџиев** ____________________